# Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за третиот програмски заем за развојни политики – ПДПЛ 3

**Службен весник на Р. Македонија бр. 103/08 од 19.08.2008 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка со заем во износ од 16.700.000 евра, наменет за реализација на Третиот програмски заем за развојни политики – ПДПЛ 3.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон, се утврдуваат со Договор за Третиот програмски заем за развојни политики – ПДПЛ 3, кој ќе се склучи меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

**Член 3**

Рокот за отплата на заемот од членот 1 на овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од пет години. Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е ЛИБОР (за евро валута), намалена за 0,06%. Каматната стапка може да се намали врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Заемот ќе се отплаќа во 24 полугодишни рати, на секој 15 февруари и 15 август во годината. Од 15 август 2013 до 15 август 2024 година ќе се отплатат 23 полугодишни рати секоја во износ од 4,17% од заемот, односно 696.390 евра, додека на 15 февруари 2025 година ќе се отплати последната рата во износ од 4,09% од заемот, односно 683.030 евра.

Во грејс периодот од пет години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само камата на заемот.

На денот на повлекување на средствата, Република Македонија ќе и плати на Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

**Член 4**

Корисник на средствата од заемот од членот 1 на овој закон е Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија.

**Член 5**

Република Македонија заемот од членот 1 на овој закон ќе го сервисира од Буџетот на Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.